**ЗАПИСНИК**

од Трета форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 18.11.2024**, Место:** Офицерски Дом, Битола **Час:** 11:00-13:30
**Присутни граѓани:** Вкупно: 29
Мажи: 16 Жени:13
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Зоран Здравески, Стефани Најденовска Димовска;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

Добредојде, дневен ред и цели на Третата форумска сесија;

Усвојување на Записник од Втората форумска сесија;

Презентација – Буџетски Програми на Општина Битола за 2024;

Расходи по програмите предложени на Прва форумска сесија - презентација и дискусија;

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози;

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија;

Дискусија во врска со:
- Дополнување на општински предлози
- Предлози од граѓаните
- Реструктурирање (редукција во интерес на други зголемувања)

Носење на формални одлуки;

Давање на формални препораки, согласени во форумот;

Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група, информација за термин за Четврта форумска сесија и оценка на форумската сесија.

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Третата форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата. Пред Форумот да продолжи со работа, присутните учесници имаа можност да ја разгледаат содржината на Записникот од Втората форумска сесија.

По завршувањето на дискусијата од страна на модераторот и претставниците на работната група вработени во Општина Битола беа презентирани проектираните приходи и расходи на Буџетот на Општина Битола за 2024 година како и дел од проектните во Програмите кои

форумските учесници ги утврдија на првата форумска сесија, односно:

- Програма за социјална заштита;
- Програма за урбанистичко планирање;
- Програма за развојни планови;
- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за локален економски развој;
- Програма за активности во областа на спортот и младите;
- Програма за заштита на животната средина и природа;
- Програма за култура.

Во следниот дел од сесијата, од страна на форумскиот модератор беше извршена презентација на сработеното на работната група и беа презентирани повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од Втората сесија а беа утврдени и дел од препораките кои форумот треба да му ги достави на Советот и Градоначалникот на Општина Битола. Во овој дел на сесијата, форумскиот модератор ги информираше присутните учесници дека работната група во проширен состав во периодот помеѓу сесии изврши анализа и претселекција на идентификуваните проекти од претходните форумски сесии и периодот помеѓу Втора и Трета форумска сесија.

Во продолжението на сесијата, присутните учесници на форумот преминаа кон детализирање и доразработка на дел од предложените проекти од административен, технички, правен и финансиски аспект. За дел од проектите беше отворена дискусија помеѓу присутните претставници, модераторот и општинската администрација кои дадоа свое објаснување и дополнителни информации за дел од предлозите на листата со проекти. Во текот на сесијата, присутните учесници презентираа нови и ги надополнија своите претходни предлози во делот на нивната финансиска рамка.

За време на Третата Форумска сесија, од страна на присутните беа презентрирани следните проекти:

- Санација на пат во село Крстоар (раскопан од страна на ЈП Стрежево по изведување на интервенции на собирен канал),
- Изградба на игралиште во Обласута,
- Изградба на пешачки премини во УЗ Вељко Влаховиќ на крстосница кај сервис Чеде и кај Еурофарм,
- Санација на ободен канал над Брусничка населба,
- Поставување на опрема за намалување на брзината на возилата на улица Ченто и Павел Шатев,
- Изградба на пешачки премини во УЗ Јонче Мурџевски,
- Набавка на машина за чистење на паркет во спорстка сала Боро Чурлевски,
- Реновирање на јавен простор во село Цапари за потребите на младите,
- Реновирање на училиште Елпида Караманди во село Цапари,
- Реконструкција на игралиште за фудбал во село Цапари,
- Воведување на линии на јавниот превоз од Битола до село Цапари,
- Реконструкција на училиште Трифун Пановски во село Трново,
- Поставување на автобуска постојка во село Трново,
- Воведување на линија на јавниот превоз од Битола до село Трново,
- Воведување на линија на јавниот превоз од Битола до село Егри,
- Поставување на семафори на поголемите крстосници низ урбаниот дел на Битола,
- Чистење на коритото на река Драгор,

- Ослободување на тротоарите низ урбаниот дел на Битола за поголем проток на пешаци,
- Воведување на асистенти во детските градинки согласно Закон за инклузија (системско решение или зголемување на надоместок кој се исплаќа на оние кои се ангажирани во рамки на проект),
- Поставување на спуштени тротоари при изградба на новата јавна инфраструктура во општината,
- Зголемување на капацитетите за дневен престој во основните училишта,
- Урбанизирање на детско игралиште помеѓу улици Боривоје Радосављевиќ и Ристо Кавалиновски со потребна опрема за деца,
- Урбанизирање на канал кај улица Јадранска во близина на ОУ Климент Охридски.

Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на предлог датум за одржување на Четвртата форумска сесија.

***Заклучоци и препораки***

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Зголемување на буџетските ставки за поддршка на спортот и младите (со вклучување на Сојуз на спортови и граѓански сектор).
- Подобрување на организациските и управувачките тела на професионалните клубови во градот.
- Поддршка на индивидуалните спортови врз база на интернационалните успеси.
- Зголемување на буџетот за спортските клубови во градот (финансиска помош согласно постигнати резултати врз база на критериуми).
- Зголемување на транспарентноста и партиципативноста на сите гранки од културата во креирањето на културни политики и одлучување за поддршка според јасни и препознатливи иникатори.
- Дигитализација на услугите на општина Битола.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на Третата Форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека втората форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- ☐ Листа на учесници по работни маси,
- ☐ Фотографии,
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а

Ко-модератори: